| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Патот на четирите годишни времиња |
| **Содржина на денот** | Вошебно дрво |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Лилјана Црвенкоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | - Разговор на тема – како да ја одржуваме личната хигиена кога играме надвор во паркот. |
| **Активности** | Активностите може да ги започнете со слушање на песна „Четири годишни времиња“ - Златно славејче 2015 г. и разговор за содржината на песната како вовед во денешната активност - за промената на годишните времиња и нивните карактеристики. Во пролет времето станува потопло, сонцето почесто свети и грее, се буди природата, животните од зимскиот сон, расте тревата, цутат цвеќињата, луѓето ги садат овошните и зеленчуковите плодови. Се е убаво, миризливо и цветно. Кога ќе ни дојде годишното време лето, сонцето силно топли и грее, времето е преубаво за одмор на море, планина или езеро. Можеме да се шетаме, играме и пливаме и да уживаме во топлото време а после летото ни доаѓа златната есен со сите нејзини прекрасни бои. Времето станува постудено, лисјата на дрвјата пожолтуваат и паѓаат, есента ги има најубавите бои, но и најубавите зелечукови и овошни плодови. И доаѓа зимата кога времето станува многу студено, сонцето послабо грее, дува студен ветар и врне снег. Но сепак со нејзината белина и снегот зимата е како бела снежна кралица и ние уживаме во игрите на снег.<br>Потоа ќе им ја објасните што ќе работите денес, односно ќе изработувате и обликувате тродимензионално дрво од готови исечени форми на тема „Дрвото во четирите годишни времиња“. Потребни |

| | |
|---|---|
| | материјали за работа: картон, хартија во боја, апликации од најразлични креативни матерјали, како и матерјали кои Ви се наоѓаат по дома. Прво може да му покажете на детето како би изгледало такво дрво.<br>Од картонот заедно со своето дете ќе изработите дрво во исправена положба  односно тродимензионално -(тука ќе треба повеќе помош од родителот) потоа на секоја страна за дрвото ќе изработувате апликации за четирите годишни времиња ( цветови и светло зелени листови за пролет, зелени за лето, жолти, златни, кафени, зелени, црвени за есен и бели снегулки за зима). Оставете го детето да работи само и да се гордее со својата изработка. Активностите може да ги продолжите со прошетка во блискиот парк каде може да ги разгледувате дрвјата во паркот. |